РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-5788/1
04-06-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и 14/2020) и член 37 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 04.06.2021 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр. 02-8770/1 од 13.08.2019 година, бр.02-11571/1 од 29.11.2019 година , 02-12413/1 од 02.12.2020 година и 02-1826/1 од 19.02.2021 година.

Член 2

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА, во точка 2. Сектор за правни работи, човечки реурси и општи работи, потточка 2.1 Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација, кај работно место под реден број 42.Советник за правни работи, подготовка и следење на експропријација, во делот број на извршители, бројот „3" се заменува со бројот „5" и во делот „Други посебни услови" зборовите „работно искуство во областа на експропријација" се бришат.

Во точка 2. Сектор за правни работи, човечки реурси и општи работи, потточка 2.1 Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација, кај работно место под реден број 42-а. Соработник за правни работи, подготовка и следње на експропријација, во делот „Други посебни услови" зборовите„работно искуство во областа на експропријација" се бришат.

Во точка 4. Сектор за инвестиции со средства од РМ, потточка 4.2. Одделение за техничка подготовка и планирање со средства од РМ, кај работно место под реден број 70.Советник за изработка и следење на проектна документација со средства од РМ, во делот број на извршители, бројот „2" се заменува со бројот „1"

Во точка 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ, потточка 5.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта, со средства од МФИ, кај работно место под реден број 76.Советник за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ, во делот број на извршители, бројот „7" се заменува со бројот „6"

Член 3

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ДИРЕКТОР
Ejup Rustemi

Бр. __________/

годинa